**20232624549**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН - ТАБАНОВЦЕ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин - Табановце,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 декември 2023 година.

Бр. 08-6405/1
11 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН - ТАБАНОВЦЕ

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Европската банка за обнова и развој со заем во износ од 5.000.000 евра, наменет за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин - Табановце.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин - Табановце, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години со вклучен грејс период од четири години.

Заемот ќе се отплаќа на 22 полугодишни рати, на 20 април и на 20 октомври секоја година, кои пристигнуваат за плаќање започнувајќи од првиот датум од навршување на четвртата година од потпишување на Договорот за заем.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот во рок од седум дена од денот на ефективност на Договорот за заем.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво.

Провизијата за неповлечени средства ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 од овој закон.

Член 4

Проектот од членот 1 од овој закон ќе го имплементира Министерството за транспорт и врски.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.